**С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**
**28.10.2019 год.** **Бр.IX**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 39-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 25.10.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 39-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 28.10.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-1206/1 од 28.10.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 39-та седница, одржана на 25.10.2019 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 38-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 23.09.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1176/3 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15 и 209/18) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крушево (“Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на 39-та седница одржана на 25.10.2019 година, донесе:

***О Д Л У К А***
**за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година бр.08-1327/6 од 27.12.2018 година.

**Член 2**

Се врши измена во член 9 став 1 алинеја 4, така што се додава нов став кој гласи:

“Платата на вработените во ТППЕ-Крушево се зголемува за 5%, започнувајќи од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Крушево”, а ќе се применува со исплата на платата за месец Септември 2019 година.

**Бр.08-1176/4 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП “Комуна” Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на трајно користење без надомест, машина за конструкција-ровокопач, натоварувач во сопственост на Општина Крушево на ЈП “Комуна” Крушево.

**Член 2**

Машината за конструкција-ровокопач, натоварувач кое се дава на трајно користење е сопственост на Општина Крушево, марка “JCB”, модел 3CX 14LFWM, тип 3 CX 14MFWM, сериски број 2448174, жолта боја, со вградена опрема на машината, натоварувачка лопата со заби 1 м3, копачка лопата 600 мм, вградени вилушки, ровокопачка корпа 300 мм, мазалица и алат, резервен клуч, маст, заштитен шлем, вграден ППЗ апарат, заверена сервисна книшка, Се цертификат, во возна состојба.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува Договор со директорот на ЈП „Комуна” Крушево, со које се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 2 на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1176/7 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за давање на трајно користење на градежна машина-Скип***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на трајно користење без надомест градежна машина-Скип, сопственост на Општина Крушево на ЈП “Комуна” Крушево.

**Член 2**

Градежната машина која се дава на трајно користење без надомест е сопственост на Општина Крушево, марка JCB тип 3CX, модел 3CX-4 бр.шас.3CX-4/411102, бр.на мотор 618922, жолта боја, година на производство 1994, во исправна состојба.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува Договор со директорот на ЈП „Комуна” Крушево, со које се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 2 на оваа Одлука.

**Член 4**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи одлуката бр.08-1132/6 од 31.10.2018 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1176/8 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 24 и 36 став 1 точка 8 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 2, 5 и 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 21 став 1 точка 36 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 25.10.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за делегирање вршење на работи од јавен интерес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува зимското одржување на улици и патишта во Општина Крушево, како дејност од јавен интерес, на ЈП "Комуна" Крушево.

**Член 2**

За зимското одржување на улиците и патиштата во Општина Крушево средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, врз основа на Програмата за организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево.

**Член 3**

ЈП "Комуна" Крушево зимското одржување на улиците и патиштата е должна да го врши квалитетно и непрекинато на јавен и транспарентен начин.

**Член 4**

За условите и начинот на извршување на зимското одржување на улици и патишта во Општина Крушево, Градоначалникот на Општина Крушево ќе склучи договор со директорот на ЈП "Комуна" Крушево.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1176/9 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 69, член 99 став 2 и член 100 став од Законот за заштита на деца ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19 и 146/19), член 36 став 1 точка 4 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 33 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019) и Мислењето од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија бр.11-6517/3 од 09.10.2019 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за формирање на Центар за ран детски развој во***
***состав на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево во н.м. Бучин***

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Центар за ран детски развој со состав на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево, Општина Крушево, кој се наоѓа во дел од објектот на пензионерски дом во н.м.Бучин, Општина Крушево-сопственост на Општина Крушево.

**Член 2**

Во Центарот за ран детски развој се предвидува да бидат згрижени околу 48 (четириесет и осум) деца од три до шест годишна возраст, односно до поаѓање во Основно училиште, организирани во три хетерогени групи, со скратени програми од 2-3 часа дневно, без обезбедена храна за децата за време на престојот.

**Член 3**

Општина Крушево на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево за потребите на Центарот за ран детски развој му отстапува на користење дел од објектот на пензионерскиот дом во с.Бучин-сопственост на Општина Крушево.

Центарот за ран детски развој е со вкупна површина од 52.39 м2 и располага со ходник од 7,2 м2, занимална од 38,89 м2 и санитарна просторија наменета за деца и во неа кабина за вработените лица од 6,3м2.

**Член 4**

Во Центарот за ран детски развој ќе се работи согласно Програмата за рано учење и развој.

**Член 5**

Центарот за ран детски развој е опремен со соодветен мебел за возраста на децата и соодветни дидактички средства и материјали за работа со деца на предучилишна возраст.

**Член 6**

Дејноста во Центарот за ран детски развој ќе ја изведува соодветен стручен кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.

**Член 7**

Активностите во Центарот за ран детски развој ќе се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо.

**Член 8**

Името на Центарот за ран детски развој ќе биде „ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево- Центар за ран детски развој „Развигорче” с.Бучин”

**Член 9**

Средствата за финансирање на Центарот за ран детски развој ќе бидат обезбедени од Министерството за труд и социјална политика и средства од ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1176/10 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 и член 168 од Законот за заштита на децата (“Сл.весник на Р.М.” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18, „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19 и 146/19), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишната-Програма за работата на***
***ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2019-2020 година.***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишната-Програма за работа на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2019-2020 година, бр.01-140/1 од 25.09.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1176/11 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 19 став 4 и член 116 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата (“Сл.весник на Р.М.” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18, „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19 и 146/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за давање Согласност на Статутот на***
***ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево***

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на статутот на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка “Гонча Туфа” Крушево бр.01-139/1 од 25.09.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1176/12 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 28 од Законот за средното образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16 и 64/18), член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и

7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
***за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2019-2020 г. на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. СЕ ДАВА Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2019-2020 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево, согласно барањето бр.03-392/1 од 29.08.2019 година и позитивното милење од Министерството за образование и наука бр.13-9880/2 од 18.09.2019 година.
- една паралелка, прва година, гимназиско образование на македонски наставен јазик со 15 ученици;
- една паралелка во прва година за образовниот профил/квалификација хотелско туристички техничар од угостителско туристичка струка/сектор, техничко образование на македонски наставен јазик со 9 ученици;
- една паралелка во прва година за образовниот профил/квалификација готвач од угостителско туристичка струка/сектор, стручно образование за занимање на македонски наставен јазик со 7 ученици.

2. Согласноста влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1176/13 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 34 Закон за јавните патишта ( Сл .весник на РМ 84/2008 ,52/2009,114/09,124/10,23/11,53/11,44/12,168/ 12,163/13,187/13,39/14,42/14,166/14. 44/15,116/15 и 150/15, 31/16 и 71/16,163/16), член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл. весник на РМ,,бр.5/2002) и член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 12 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за сезоната 2019/2020 година**

**1. Општ дел**

Со оваа Програма се предвидува организирање и функционирање на зимското одржување на улиците и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за **сезоната 2019/2020** година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на Општина Крушево преку :

- определување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразицата на коловозната површина ;
- дефинирање на работите и обврските на сите учесници одговорни за нејзината реализација ;
- определување на потребната механизација, опрема, материјални и работни сили и определување на потребни финансиски средства.

**2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОДГОТВЕНОСТ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ**

Преку организациона поставеност се дефинира обемот на работите и задолженијата на дирекните учесници вклучени во реализација на оваа Програма како и начинот на нивно делување.

Кординирањето на активностите во зимски услови го врши **Кординативно тело** формирано од градоначалникот и составено од претставници на Комисија за урбанизам ,комунални работи и заштита на животна средина на Советот на Општина Крушево, јавната администрација на Општина Крушево, јавното претпријатие „Комуна" Подрачна станица за внатрешни работи и Дирекција за заштита и спасување Крушево.

**2.1 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

Ја усвојува оваа Програма и исто така :

-Обезбедува средства за реализација на програмата со нејзино усвојување

-Го контролира извршувањето на оваа програма,

**2.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ОПШТИНА КРУШЕВО**

- Одлучува за вклучување на градежната механизација од градежните претпријатија врз основа на извештаите од избраните и ангажирани учесници во зимското одржување на улиците и општинските патишта;
- Ги кординира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
-Преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимското одржување на улиците и општинските патишта и обврските на учесниците;

**2.3 Организации вклучени во реализација на Зимското одржување на улиците и општинските патишта во Општина Крушево**

- Реализираат дел од Програмата за функционирање на Зимското одржување на улиците и општинските патишта ;
- Склучува Договор со Управа за хидрометереолошки работи за добивање на временски прогнози
- Организира редовни дежурства со потребна опрема и алати, резервни делови и стручен кадар за обезбедување на сопствената механизација за дејствување;
- Одговорните работници на дежурство вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Обезбедува склдирање, растурање и вградување на сол песок и други материјали;
- Ги припремаат возилата и машините и другата потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови и врши тековно одржување ;
- Ги оспособува канализацијата и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови ;
- Обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- Со специјални машини ,опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини;
- Секојдневно и редовно го информираат организаторот – нарачателот за зимското одржување на улиците и општинските патишта
- Води целосна документација за Зимското одржување на улиците и општинските патишта ;
- Доставува месечен распоред на лица за дежурството со податоци за работна рака и механизација, најдоцна до 25-ти во тековниот месец до Општината Крушево;
- Врши крпење на евентуални дупки на коловозот по барање на нарачателот ;
- Изготвува завршен Извештај и истиот го доставува до Советот на Општината

**2.4 ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА**

За видот и обемот на вклучувањето на механизацијата на градежните претпријатија одлучува и ја ангажира **Кординативното тело на Општина Крушево** .Расчистување на снегот со оваа механизација се врши според плановите за расчистување на сообраќајниците во Општина Крушево.

Целосната документација за учество на градежната оператива ја води ангажираната фирма и кординативно тело преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

**2.5 НАДЗОРЕН ОРГАН**

Надзорен орган ги врши сл. работи:

-Ја следи работата на извршителите на работите и за тоа изготвува комплетна документација ;

-Соработува со Органите и телата на Советот на Општината и другите ,Дирекција за спасување и заштита, Министерство за внатрешни работи на територија и други учесници , претпријатија , заедници и граѓани.

-Дава налози за работа на фирмите на кои е отстапена работата;

-Врши и други работи и работни задачи во врска со реализација на програмата.

**2.6 Полициска станица Крушево – СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА ПРИ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

Го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ке биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти .Во исклучителни случаи кога е загрозена безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот може да даде налог на ангажирани учесници во спроведување на зимското одржување за преземање на активности за оспособување на сообраќајниците или оделни делови

(критични точки).Исто така врши отстранување на паркираните возила како би се овозможило чистење на улиците.

**2.7 ЈП,, КОМУНА,, КРУШЕВО**

-Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;
-Ги рашчистува пешачките зони, тротоарите и пешачките пристапи до објектите кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма, како и други јавни површини;
-Врши сечење и отстранување на паднати дрва и гранки;
-Го отстранува снегот и пристапните патеки во паркот и спомен обележјата во градот, патеките во гробиштата и други работи поврзани со зимското одржување на улиците и општинските патишта ;
-Обврските на ЈП,,Комуна" Крушево предвидени од оваа точка се покриваат од цената на ѓубретарината ,освен потребите од индустриска сол.
-Контролата врз работата на ЈП,,Комуна" Крушево ја врши општинскиот комунален инспектор.

**2.8 ЕВН Крушево**

-Ги презема потребните мерки за чистење на снег од надворешните електрични инсталации и објекти .

**-2.9 МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ**

-Ги презема потребните мерки за чистење на снег од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

**2.10 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕРЕОЛОШКИ РАБОТИ**

Ги доставува извештаите и прогнозите ( дневни , неделни , месечни) за временски услови до Општината Крушево и другите ангажирани учесници во зимското одржување на улиците и патиштата .

**2.11 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Крушево е непосредно вклучена во работата на зимското одржување, со тоа што ќе ја следи работата на истото преку благовремено информирање.

Во случај на елементарни непогоди на порачјето на Општината Крушево во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрешат со организираноста на зимското одржување во оваа Програма, Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Крушево прогласува вонредна состојба и во тој случај и непостредно раководи со акциите за отстранување на последците.Во вакви случаи трошоците ке бидат на товар на Општината Крушево или од други извори кои ке ги утврдат надлежните органи.

**2.12 Претпријатија, заедниците и граѓаните сопственици** , односно корисници на деловни згради и деловни простории (Стоковна куќа ,ресторни ,кафани, хотели и нивни паркиралишта, ,продавници, и сл.) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.13 Граѓани односно сопственици**, преземаат мерки за чистење на снегот од покривите ,терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќај .Исчистениот снег се собира пред зградите и објектите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

**2.14** За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според Одлуката за комунален ред.

**3 ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ**

Обемот на одржување на улиците во градот зависи од :

-густина на населеност на делови на градот;
-фрекфенција на луѓе и моторни возила .
-сообраќајници и пристапи кон објекти кои се од витално значење за градот

Коловозните површини предвидени за оспособување во зимски услови на ниво на Општина Крушево изнесуват околу **38,6 км** и нивното расчистување се одвива по следниот приоритет:
– **сообраќајници од прв приоритет заедно со пристапи**
- сообраќајници со критични точки и пристапи кон објекти кои се од витално значење за градот
– **сообраќајници од втори приоритет**

- сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот пошироко на територија на општината

**-Општински патишта и сообраќајници низ населени места – рурални населби**

Посипување на голомразица со сол во услови кога нема снежни врнежи се врши по приоритет – сообраќајници од прв приоритет ,сообраќајници од втор приоритет и на општински патишта на територија на Општина Крушево.

Чистењето на сообраќајници и др патишта кои не се предвидени во Оперативната програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог на нарачателот.

**4. ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Одржувањето на улиците во зимски услови се врши со ангажирање на :

- механизација
- специјални машини и опрема
- работна сила и
- средства ( сол песок и др )

Оспособување на коловозната површина се врши во зависност од временските услови. Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање за 5 ( пет ) часа , сметано од моментот на престанување на врнежите, на останатите сообраќајници од втор приоритет ќе се врши по оспособувањето на сообраќајниците од прв приоритет.

**Бр.08-1176/14 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 30 и 42 од Законот за основно образование („Сл.весник на Р.Северна Македонија” бр.161/19), член 36 став 1 точка 6 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14 и 7/19) и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на Основните училишта, Советот на Општина Крушево дава:

**М И С Л Е Њ Е**

Советот на Општина Крушево дава позитивно Мислење за Програмата за организирање на ученички екскурзии во учебната 2019/2020 година на ООУ „Никола Карев” од Крушево за трето, шесто и деветто одделение.

**Бр.08-1176/17 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1135/1 од 03.10.2019 година од Кироска Зорица од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 12.000,00 (дванаесет илјади)** денари по барање бр.08-1135/1 од 03.10.2019 година од Кироска Зорица ул.”Нико Доага” бб од Крушево со ЕМБГ 1405988445006;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001940497602, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1176/18 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1182/1 од 17.10.2019 година од Јане Јосифовски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 12.000,00 (дванаесет илјади)** денари по барање бр.08-1182/1 од 17.10.2019 година од Јане Јосифовски ул."Никола Ѓурковиќ" бр.10 од Крушево со ЕМБГ 1606975443018;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.240207111435709, депонент УНИ Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-1176/19 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1187/1 од 21.10.2019 година од Мерсин Мемедоски од с.Пресил, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 9.000,00 (девет илјади)** денари по барање бр.08-1187/1 од 21.10.2019 година од Мерсин Мемедоски с.Пресил-Крушево со ЕМБГ 2406997440009;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.300117105063354, депонент Комерцијална Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-1176/20 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1081/1 од 23.09.2019 година од ДООЕЛ „Агро Еко Продукт" Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.10.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 15.000,00 (петнаесет илјади)** денари по барање бр.08-1081/1 од 23.09.2019 година од ДООЕЛ „Агро Еко Продукт" Крушево ул."Шула Мина" бр.31;

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр.270070829320153, депонент Халк Банка ад Скопје, ЕДБ 4016015502434 од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-1176/21 од 25.10.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Согласно на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Крушево го издава следното :

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

СЕ ИЗВЕСТУВААТ сите заинтересирани физички и правни лица на Општина Крушево дека Градоначалникот на Општина Крушево распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Крушево за 2019 година**

Сите заинтересирани правни и физички лица во текот на јавниот повик може да доставaт иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од член 7 став (1) точка 2 алинеја 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18).

Предмет на иницијативите може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план со образложение за бараната измена и предлог на плански опфат од подносителот на иницијативата.

Заинтересираните правни и физички лица иницијативите да ги достават во писмена форма преку архивата на Општина Крушево или во електронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 дена од истекот на рокот за поднесување на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Крушево, www. krusevo.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во службеното гласило на општината, во дневен весник на македонски јазик и дневен весник на албански јазик.

Средствата за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите – правни или физички лица.

Јавниот повик ќе трае 33 дена во период од 30.09.2019 до 01.11.2019 година.

**Бр. 09-1112/1 од 27.09.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А


Ре. бр. страна

1. Заклучок за објавување на актите донесени на 39-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………… 1
2.Заклучок за усвојување на записникот од 38-та седница на Советот на Општин Крушево ………………………………………1
3. Одлука за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година ………….. 1
4. Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Крушево за 2019 година…………………………………………….2
5. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година ………………………………..2
6. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП “Комуна” Крушево…..2
7. Одлука за давање на трајно користење на градежна машина-Скип ……………………..2
8. Одлука за делегирање вршење на работи од јавен интерес ………………………………..3
9. Одлука за формирање на Центар за ран детски развој во состав на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево во н.м. Бучин ……………… 3
10. Заклучо за прифаќање на Годишна-Програма за работата на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2019-2020 година……………………………………………..4
11. Заклучок за давање Согласност на Статутот на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево……………………………………………..4
12. Согласност за формирање на паралелеки со помал број на ученици за учебната 2019-2020 година на СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево ……………………………..5
13. Програма за организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за сезоната 2019/2020 година ……………………………………….. 5
14. Програма за измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2019 година …………………….. 8
15. Измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2019 година ………………………………………..8
16. Мислење за организирање на ученички екскурзии по барање на ООУ “Никола Карев” Крушево ………………………………9
17. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Кироска Зорица од Крушево ………………………………………..9

18. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Јане Јосифоски од Крушево ……………………………………….9
19. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Мерсин Мемедоски од с.Пресил ……………………………………….9
20. Решение за исплата на финансиски средства по барање од ДООЕЛ "Агро Еко Продукт" од Крушево ……………………… 9
21.Соопштение-Јавен повик за изработка на урбанистички планови ……………………… 9

Редакциски одбор на Општина Крушево.